

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

# Содржина


1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ .................... 5
2. ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА .................................................................................................................. 9
3. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО ............................................................ 11
4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................................................................. 12
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ...... 17
6. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ .................................................................................................................. 22
7. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ......................................................................... 24

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судски совет, на 125-та седница одржана на 29.03.2012 година, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. За работата на седницата на Советот се води записник и стенографски белешки.

Во текот на извештајната 2011 година, Судскиот совет одржа **26** седници, со исцрпни дневни редови. Согласно со содржината на дневниот ред на поголем број седници им претходеле работни состаноци. На одржаните седници, покрај одлуките за избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови, одлуки по поведени постапки за утврдување одговорност на судиите, постапување по претставки и поплаки на граѓани и правни лица, одлуки за одземање имунитет на судија, и слично, од страна на Советот беа усвојувани и нормативните акти, како и други одлуки кои се

од важност за непречено функционирање и остварување на надлежноста на Судскиот совет.

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка во однос на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, системот на кариера во напредувањето на судиите, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

Заради обезбедување поголема самостојност и независност во судството, во јули 2011 год. беа усвоени измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, со кои е одземено правото на глас на министерот за правда во Судскиот совет. Судскиот совет од септември 2011 година ги одржуваат своите седници согласно овие измени.

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Согласно со член 31 од Законот за Судскиот совет, Советот врши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Судскиот совет е самостоен и независен орган на судството во РМ кој обезбедува независно вршење на судиската функција и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија по која било основа и од кој било субјект во процесот на избор, унапредување и разрешување на судиите. Со тоа Советот придонесува кон навремено и квалитетно остварување и заштита на правата и слободите на граѓаните на РМ.

При спроведување на законската надлежност во донесувањето на одлуките за избор и унапредување на судиите во текот на 2011 година, Судскиот совет во целост ги почитуваше постапката и критериумите утврдени со законот и Деловникот за работа на Судскиот совет. Постапката се спроведуваше целосно со почитување на транспарентноста, на начин што по утврдената потреба за пополнување на судиско место од страна на Советот беа донесени одлуки за огласување на упразнетите судиски места во судовите во Република Македонија. Потоа се прибавуваа мислења за кандидатите од соодветната институција или суд за нивниот стручен и професионален развој, по што од страна на Комисиите формирани од редот на членовите на Советот се спроведуваа интервјуа со сите кандидати за избор на судии како за основните, така и за повисоките судови и претседатели на судови, што се покажа како успешен критериум за објективна и квалитетна селекција при изборот. Седниците на кои се вршеше избор на судии и претседатели на судови беа јавни, така што претставниците на медиумите и на меѓународните и невладините организации имаа можност непосредно да ги следат изборите. При изборот на судиите и претседателите на судовите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Воедно, Советот особено се залагаше изборот на судиите и претседателите на судовите да го спроведува врз основа на критериумите предвидени во член 41 и член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, при што се имаа предвид квалификациите, стручната способност и ефикасноста на кандидатот со што се обезбедува избор на професионални, одговорни судии и претседатели на судови кои самостојно и непристрасно ќе ги спроведуваат Уставот и законите во вршење на судиската функција.

Во текот на 2011 година избрани се вкупно **63** судии во сите судови во Република Македонија. Од вкупно избраните **22** се судии избрани во основните судови од кои **7** се од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители и тоа еден кандидат од Првата генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, 3-ца кандидати од Втората генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители и 3-ца кандидати од Третата генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители.

Во основните судови од страна на Советот во текот на 2011 година се избрани вкупно 22 судија и тоа: во ОС Битола – 3 судии, ОС Велес – 1 судија, ОС Гостивар – 1

судија, ОС Куманово – 1 судија, ОС Свети Николе - 2 судии, ОС Скопје 1 Скопје – 5 судии, ОС Скопје 2 Скопје –5 судии и ОС Штип – 4 судии.

Од страна на Судскиот совет со Одлука на 110-та седница одржана на ден 28.06.2011 година, донесен е Стратешки план за утврдување на потребниот број судии и јавни обвинители за 2011-2013 година како активност утврдена во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2011 година согласно со препораките на Европската комисија. Воедно со Стратегијата е планирано бројот на идните три генерации на слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители да изнесува 43 кандидати за Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители на РМ .Со вака преземените активности Судскиот совет на РМ одговара на обврските согласно со утврдените приоритети за исполнување на препораките на Европската комисија во делот на реформите во судството, во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Согласно со член 39 став 9 од Законот за судовите, Судскиот совет донесе Одлуки за времено упатување на судија од ОС Крива Паланка и судија од ОС Кратово во Основниот суд Скопје 2 Скопје, на двајца судии од ОС Радовиш во ОС Штип, еден судија од ОС Радовиш во ОС Свети Николе и еден судија од ОС Берово во ОС Делчево, поради значително зголемен обем на работа во овие судови, но најдолго за време од една година.

Исто така Советот изврши избор и на судии во повисоките судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на РМ. Така Советот во текот на 2011 година избра вкупно **41** судии за повисок суд и тоа: во Врховниот суд на РМ – 2 судии, Вишиот управен суд -13 судии, Управниот суд – 14 судии, АС Битола – 3 судии, АС Гостивар – 1 судија, АС Скопје – 6 судии, АС Штип – 2 судии .

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **2** |
| 2 | Виш управен суд | **13** |
| 3 | Управен суд на РМ | **14** |
| 4 | АС Битола | **3** |
| 5 | АС Гостивар | **1** |
| 6 | АС Скопје | **6** |
| 7 | АС Штип | **2** |
| 8 | ОС Битола | **3** |
| 9 | ОС Велес | **1** |
| 10 | ОС Гостивар | **1** |
| 11 | ОС Куманово | **1** |
| 12 | ОС Неготино | **2** |
| 13 | ОС Скопје I Скопје | **5** |
| 14 | ОС Скопје II Скопје | **5** |
| 15 | ОС Штип | **4** |
| | **Вкупно:** | **63** |

При изборот на судиите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Така од вкупно избраните судии од редот на Македонците се избрани 49 судии, од редот на Албанците се избрани 13 судии, како и еден судија Бошњак. Во однос на половата застапеност 13 од избраните судии се мажи, а 50 жени.

## Избрани судии од Судски совет на РМ

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 49 | 77,78 |
| 2 | Албанец | 13 | 20,63 |
| 3 | Бошњаци | 1 | 1,59 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 13 | 20,63 |
| 2 | женски | 50 | 79,37 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 63 | |







Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2011 година се избрани вкупно 6 претседатели на судови од кандидатите кои доставиле пријава кон која се приложува и програмата за работа на судот во текот на мандатот за претседател. При изборот Советот водеше сметка за претседател на суд да биде избран судија кој во последните две години од страна на Советот е оценет со највисока позитивна оцена и во однос на другите пријавени кандидати има добиено најголем број бодови. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови: претседател на Апелационен суд Скопје, Основен суд Струмица, претседател на Основен суд Струга, претседател на Основен суд Радовиш, претседател на Управен суд и претседател на Виш управен суд. Од избраните претседатели 4 се Македонци, 2 се Албанци, од нив 3 се мажи и 3 се жени.

## Избрани претседатели на судови од Судски совет на РМ

| | Вкупно | % |
|---|---|---|
| **Националност** | | |
| Македонец | 4 | 75 |
| Албанец | 2 | 25 |

| Пол | | |
|---|---|---|
| машки | 3 | 50 |
| женски | 3 | 50 |
| | | |
| **Вкупно избрани:** | 6 | |







Согласно со член 46 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60 од 15.5.2006 година), изборот и разрешувањето на судиите поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд го врши Советот. Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 44 став 2 од Законот за судовите и член 46 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, по претходно прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 3611 судии поротници.

Во текот на 2011 година се донесени одлуки за избор, разрешување и престанок на функцијата судија поротник. Врз основа на доставени предлог-листи од страна на претседателите на надлежните основни и апелациони судови, со одлуки на Советот, во текот на 2011 година се избрани вкупно **50** судии поротници во Основниот суд Скопје 1 Скопје. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Воедно се донесени одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник и тоа по сопствено барање на **22** судии поротници во Основниот суд Скопје 1 Скопје, **1** во Основниот суд Скопје 2 и **1** судија поротник во Основниот суд Битола. Со одлука на Советот констатиран е престанок на функцијата на **4** судии поротници поради недавање свечена изјава пред стапување на должност и тоа во Основниот суд Гевгелија.

# ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција, одлучува за одземање имунитет на судија и за одобрување за определување мерка притвор на судија.

Судскиот совет постапките за утврдување одговорност на судиите ги водеше согласно со Уставот, законите и подзаконските акти во кои се инплементирани надлежностите на Судскиот совет.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010 ) се уреди дисциплинската постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија, како и постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција како и дисциплинската постапка е итна, од доверлив карактер и се води без присуство на јавноста, со тоа што значајна новина утврдена со измените на законот е тоа што по барање на судијата против кој се води постапката, Судскиот совет ќе дозволи присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција најчесто се по барање поднесено од страна на членови на Советот, како и од страна на претседател на суд и другите овластени подносители. Во барањето се наведуваат причините за основаноста за поведување постапка за утврдување одговорност, како и се доставуваат докази врз кои се заснова барањето а кои треба да се изведат на расправата.

Во текот на 2011 година пред Советот се водени неколку постапки за утврдување одговорност на судии, поведени во текот на 2009 година а кои правосилно се завршени и тоа:

- Со правосилна одлука е разрешен од вршење на судиската функција судија на ОС Свети Николе поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите;
- Со правосилна одлука на Советот е запрена постапка поведена за нестручно и несовесно вршење на судиската функција по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите, против судија на ОС Куманово.

Пред Советот во извештајниот период правосилно се завршени и пет постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција поведени во 2010 година и тоа :

- Со правосилна одлука е разрешен  судија на ОС Тетово поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите
- Со правосилна одлука се разрешени и двајца судиии на ОС Битола поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.
- Со правосилна одлука е разрешен  од функција судија-претседател на АС Скопје поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, за повреда сторена по член по член 75 став 1 алинеја 2 во врска со член 74 став 1 алинеа 2 од Законот за судовите.
- Со правосилна одлука е разрешен  од функција судија-претседател на ОС Гостивар поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Во текот на 2011 година, се поведени вкупно четири постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, и тоа против судија на ОС Крива Паланка, против судија на ОС Струмица, против судија на ОС Гостивар и против претседател-судија на ОС Дебар, а поведена е и една дисциплинска постапка против судија на ОС Штип. Сите овие постапки се уште не се правосилно завршени.

Со донесување на одлуките за поведување постапка за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција согласно со член 67 од Законот за судовите од страна на Советот донесени се и одлуки за времено отстранување од вршење на судиската функција до правосилно окончување на постапката.

Воедно во текот на 2011 година се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи и тоа 1 по сопствено барање, на 17 судии е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија и за 3 судии е констатиран престанок на судиската функција поради настапување смрт.



# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2011 ГОДИНА

Обемот, квалитетот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал е услов за функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт. Имајќи предвид дека судиската функција е носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи, обезбедувањето на соодветни услови од сите аспекти за непречено реализирање на истата е дефинирано како приоритет.

Во однос на кадровската состојба во судството во текот на 2011 година, како и претходните години, беше присутен проблемот на недоволен број на:

- раководен, стручен и административно-технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (раководители на оддели, дактилографи, доставувачи, и сл.),

- стручни кадри од областа на односи со јавност, областа на човечките ресурси, јавна внатрешна финасиска контрола, стратешко планирање и сл. односно кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

Во 2011 година продолжија да се применуваат антикризните мерки на Владата на Република Македонија во делот на замрзнување на сите вработувања во јавниот сектор во Република Македонија, при што во единките корисници на судска власт не се пополнуваа трајно испразнетите работни места во 2011 година (по основ на пензија, отказ, избор за судија или обвинител и сл.), а не се реализираа ниту вработувања по НПАА програмата.

Состојбата со кадровската состојба значително се подобри по донесување на заклучок на Владата на Република Македонија за вработување на 140 судски службеници од категоријата на раководни и стручни судски службеници, кои со Одлука на СБС бр. 02-183/10 од 25.2.2011 се распределија согласно потребите на судовите.

Во текот на 2011 година на ниво на судска власт вкупно беа реализирани 136 вработувања на неопределено време, 15 вработување по пат на спогодбено преземање на државни службеници од Секретарјатот за спроведување на Рамковниот договор со цел подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во Р.Македонија, како и 9 вработувања на определено време. Во исто време, трајно се испразниле вкупно 121 работни места на ниво на судска власт од кои: 52 - по основ на пензионирање и 69 - престанок на работен однос по други основи.

Според податоците за кадровската состојба, на 31.12.2011 година во единките корисници на судска власт се вработени вкупно 3.113 лица, од кои 691 судии и членови на Судски совет на РМ, 36 државни службеници, 2.218 судски службеници и 168 вработени лица во судовите кои вршат технички и помошни работи.

# МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно со Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ, издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Судскиот буџет содржи две програми:

- програма 20-судска администрација, која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност;

- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители, која ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Во 2011 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.751.412.000 денари. Структурата на средствата по категории е следната:

| **кат** | **назив** | **буџет** | **%** | **Конечна состојба** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.494.412.000 | 85,37 | 1.487.162.000 | 84,91 |
| 42 | Стоки и услуги | 223.780.000 | 12,78 | 224.205.000 | 12,80 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 10.740.000 | 0,62 | 20.899.000 | 1,19 |
| 48 | Капитални расходи | 21.480.000 | 1,23 | 19.146.000 | 1,10 |
| | **Вкупно** | **1.750.412.000** | **100,00** | **1.751.412.000** | **100,00** |

Во текот на годината согласно со Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите на Република Македонија за 2011 година (Службен весник на РМ бр. 128 од 21.09.2011 година) буџетот на судската власт претрпе измени во обемот и структурата. Исто така беа извршени и неколку пренамени на ставки со кои се интервенираше во насока на подмирување на обврските и обезбедување максимална реализација на Буџетот. Процентот на вкупната реализација е во висина од **99,68 %** што е во согласност со приоритетот на Судскиот буџетски совет и судската власт за максимална реализација на Судскиот буџет.

**Со категоријата 40** – Плати и надоместоци од плати се обезбедија средства за исплата на плати и надоместоци од плати на вработените во судската власт (судии и судска администрација), новоизбраните судии, нововработени лица како и преземени лица од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

**Со категоријата 42-Стоки и услуги** се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Најголем дел од средствата, со одлуката на Судски буџетски совет бр. 02-55/22 од 01.2.2011 година, беа одобрени како буџет на единките корисници

на судската власт, со кои менаџира секој суд самостојно, а дел од средствата беа наменети за централизирани плаќања од Судскиот буџет за потребите на единките корисници. Распределбата на буџетот по единки корисници се изврши врз основа на усвоените Критериуми и методологија за распределба на Судскиот буџет, при што особено се води сметка за надлежноста на судот, бројот на предмети во работа, бројот на судии, барањата на судовите, неизмирените обврски од претходната година и сл.

**Буџетот на категорија 46** е наменет за обезбедување средства за извршните и правосилните пресуди на товар на Судскиот буџет, согласно со член 36 став 6 од Законот за судови, за реализација на правосилните пресуди за повреда на правото за судење во разумен рок, како и за остварување на правата од работен однос на вработените во судската власт согласно со Законот за извршување на буџетите.

Во 2011 година Судскиот буџетски совет продолжи со постапување по доставени решенија од Врховниот суд на Република Македонија за повреда на правото на судење во разумен рок, при што од Судскиот буџет беа исплатени правични надоместоци по 189 решение на Врховниот суд на Република Македонија во вкупен износ од 9.933.356,00 денари.

Процентот на реализација на оваа категорија изнесува 99,66 %.

**Категоријата 48 -** Во рамките на одобрените средства, Судскиот буџетски совет ја спроведе Годишната програма за инвестирање од Буџетот судска власт за 2011 година (ГПИ), која опфати низа инвестициони активности за подобрување на условите за работа на судските институции, кои придонесуваат за поддршка на реформите на судството во Република Македонија.

Приоритет во планирањето на капиталните расходи од Буџетот судска власт за 2011 година имаа предвидените проекти за санирање на предната фасада на зградата на Основниот суд Битола и за набавка на софтвер за одржување неопходното ниво на заштита на компјутерскиот систем во судството, како и пренесената финансиска обврска од 2010 година за опремување на вториот дел од надградбата за Апелациониот суд Гостивар.

Од другите инвестициски активности за подобрување на условите за работа на судовите и другите единки корисници, кои произлегоа во текот на годината, се издвојуваат работите за реновирање во Судскиот совет на РМ, како и набавката на ИТ опрема за потребите на новоформираниот Виш управен суд. Во делот на ставка 483- набавка на опрема и машини, заврши законски предвиденото воведување електронска евиденција на работното време, а освен тоа беа покриени најприоритетните потреби на судовите и другите единки корисници на Буџетот судска власт.

Процентот на реализација на оваа категорија изнесува 98,98 %.

## ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, како единка корисник на буџетски средства од втора линија, за своето работење финансиските средства ги добива единствено од Буџетот на Република Македонија, преку Судскиот буџетски совет.

За календарската 2011 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 36.512.697,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2010 година во износ од 37.370.806,00, претставува намалување на Буџетот искажан во проценти во износ од 97,7% или 2,3% помал Буџет во 2011 година.

Бројот на вработени во текот на 2011 бележи тренд на опаѓање, односно 2010 година бројот на вработени изнесувал 47, да на крајот на 2011 година тој број се сведе на 42 лица, од кои 13 се функционери, членови на Советот. Причина за намалување на бројот на административните работници,се должи на одење во предвремена инвалидска пензија во текот на 2011 година на 2 лица, едно со средна и едно со висока стручна подготовка и флуктуација на 2 вработени на судиски позиции. Во календарската 2011 година од стручната служба имаше отсуство на вработени заради подолготрајно боледување, патолошка бременост и породилно отсуство. Во поглед на избраните членови нема промена во составот.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судски совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 36.512.697,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење имајки ја предвид рестриктивната буџетска политика и светската економска криза.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент од 86% отпаѓа на плати за сите вработени и обврските од плати, а трошоци за останатите потреби се сведени на минимум, имајки предвид дека од страна на Советот, во текот на целата година, се објавуваат огласи за избор на судии , што повлекува и финансиски импликации.

Преглед на потрошените финансиски средства по ставки и расходни конта:

**Преглед на реализирани финансиски средства по расходни конта за 2011 година.**

*О П И С* *Финансиски средства процент*

1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **36.614.515,00 денари 100 %**
2. Потрошени средства-остварени расходи **36.512.697,00 денари 99.72%**
3. Добиени, а непотрошени средства во износ **101.817,00 денари 0.28**%,

**Потрошените средства за следните расходи:**

1. Основни плати и персонален данок 23.130.916,00 денари
2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 8.555.261,00 денари
3. Останати надоместоци 67.151,00 денари

**Вкупно за плати и надоместоци 31.753.328 ,00 денари**

**Потрошените средства за следните расходи конта:**

**одобрени реализирани остаток**

4. Патни расходи,смес. сл.пат 102.800,00 81.080,00 21.720,00
5. Пошта,ел.енергија,парно др. 3.200.000,00 3.191.954,00 8.046,00

6. Канцел материјал,списанија
средства за хигиена и др. 365.000,00 331.568,00 33.432,00
7. Поправка , одржување на
софтвер,возила и опрема 525.000,00 522.634,50 2.365,50
8. Договорни услуги-закуп 322.000,00 321.041,00 959,00
9.Др.тековни расходи ,репрез,
огласи за избор на судии 245.000,00 209.705,50 35.294,50
10.Привремени вработувања 0,00 0,00 0,00
11.Разни трансвери 101.387,50 101.386,50 0,50

**Вкупно 4.861.187,50 4.759.369,00 101.818,50**

**Графички приказ на потрошените финансиски средства за 2011 год.**




Од прегледот се гледа дека во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, најголем дел отпаѓа на **платите и обврските од плата на вработените околу 86%,** а од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-Комунални услуги,греење и комуникација** во износ од 3.191.954,00. Овој износ претставува околу 67% од преостанатите финансиски средства потрошени во годината во износ од 4.759.369,00 денари, од кои најголем дел се за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за избраните членови кои се од внатрешноста.**

Во текот на 2011 на категоријата 48-капитални расходи, согласно со Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите бр. 01-55/17 од 27.1.2011 год. и Измената на годишната програма за инвестирање од Буџетот на судска власт за 2011, бр. 01-843/10 од 07.9.2011 и Измената на годишната програма за

инвестирање од Буџетот на судска власт за 2011, бр. 01-978/7 од 14.10.2011, како и врз основа на решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судовите за 2011 година бр. 01-868/3 од 07.9.2011 година и Измени на решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судовите за 2011 година бр. 01-997/1 од 14.10.2011, донесени од Судскиот буџетски совет, од Буџетот на РМ за 2011 година , раздел 29010-судска власт , програма 20-судска администрација , категорија 48-капитални расходи од соодветните потставки се реализирани активности како што се изработка на проект за адаптација на новододелен простор на приземје, санација на 2 простории-тавани, набавка на теписон и мебел за кабинет на претседател, инсталација на пасивна мрежна опрема во салата за состаноци и надградба на компјутери со дополнителна РАМ меморија. За сите овие капитални инвестиции, од Судскиот буџетски совет се издвоени финансиски средства во вкупен износ од 938.000,00 денари. Сите овие набавки, зависно од износите, се извршени со спроведување на постапка за јавни набавки согласно со Законот за јавни набавки.

Потребно е да се има предвид дека врз основа на Договор за јавна набавка на услуга бр. 07-12/19 од 30.8.2010 и 055-10 од 26.8.2010, во оваа фискалната година од ставката 423910 од финансиските средства на Судскиот совет не се вршени исплати за набавените судските легитимации за новоизбраните судиите во судовите, бидејки тие се опфатени со спроведена постапка од 2010 година.

Значи, иако во текот на 2011 година Судскиот совет располагаше со намален износ на финансиски средства во однос на 2010 година за 2,3%, и со намален врој на вработени од 47 на 42 извршители , сепак се вклопи во севкупниот амбиент кога особено треба да дојде до израз потребата од домаќинско,одговорно и транспарентно работење и располагање со средствата на Буџетот на РМ.

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година интезитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите го следи трендот од 2011 година. При ова треба да се има предвид дека во бројот на претставките евидентирани во Советот во извештајниот период значаен е бројот на претставки кои се доставени од страна на институции и судови до кои граѓаните и правните лица се обратиле истовремено и со иста претставка како и до Советот. Што значи реало е помал бројот на претставки по кои Советот ефективно постапувал и преземал активности во рамките на надлежноста утврдена со закон, од бројот на евидентираните претставки.

Во 2011 година нерешени од 2010 година останале 648 претставки ,а во текот на 2011 година се примени 1433 претставки, така вкупно во работа биле 2081 претставка. Биле завршени 1336 претставки ,а во работа останале 745 претставки.




Број на претставки по судови:

| Р.бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 9 |
| 2 | ОС Битола | 82 |
| 3 | ОС Велес | 52 |
| 4 | ОС Виница | 7 |
| 5 | ОС Гевгелија | 35 |
| 6 | ОС Гостивар | 72 |
| 7 | ОС Дебар | 8 |
| 8 | ОС Делчево | 19 |
| 9 | ОС Кавадарци | 45 |
| 10 | ОС Кичево | 19 |
| 11 | ОС Кочани | 27 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | ОС Кратово | 10 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 12 |
| 14 | ОС Крушево | 4 |
| 15 | ОС Куманово | 92 |
| 16 | ОС Неготино | 23 |
| 17 | ОС Охрид | 61 |
| 18 | ОС Прилеп | 34 |
| 19 | ОС Радовиш | 12 |
| 20 | ОС Ресен | 9 |
| 21 | ОС Св. Николе | 7 |
| 22 | ОС Скопје 1 | 115 |
| 23 | ОС Скопје 2 | 262 |
| 24 | ОС Струга | 25 |
| 25 | ОС Струмица | 38 |
| 26 | ОС Тетово | 63 |
| 27 | ОС Штип | 52 |
| 28 | АС Битола | 71 |
| 29 | АС Гостивар | 22 |
| 30 | АС Скопје | 108 |
| 31 | АС Штип | 40 |
| 32 | Врховен суд на РМ | 52 |
| 33 | Управен суд | 38 |
| 34 | Виш управен суд | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно | 1525 |




Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапувше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда, Народниот правобранител и Државна комисија за спречување корупција. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите

во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеа индиции за нивна основаност.

| 1. Физички лица | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **1212** |

| 2. Правни лица | |
|---|---|
| АД | **30** |
| ДОО | **28** |
| ДООЕЛ | **59** |
| ЈП | **7** |
| Други | **1** |
| **Вкупно:** | **125** |

| 3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **10** |

| 4. Државни институции (препратено на надлежност) | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РМ | **2** |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | **3** |
| Јавно обвинителство | **2** |
| Министерство за правда | **92** |
| Народен правобранител | **7** |
| Собрание на РМ | **0** |
| **Вкупно:** | **106** |

| 5. Анонимни | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **33** |



Основ за поднесување на претставките е незадоволство од донесените одлуки при што најчесто во овој случај наводите изнесени во претставката се исто што и жалбени наводи, одолжувањето на постапките, односно непочитување на законските рокови, потоа пристрасно водење на постапката и слично.

Во случај кога од наводите во поднесените претставки од физички и правни лица произлегуваше дека Советот не е надлежен, на подносителите им беше одговорено дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет во рамките на неговите надлежности предвидени со Устав и закон, со поука кој е надлежен за евентуално постапување (Основно јавно обвинителство, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Јавно правобранителство и слично).

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ„ бр. 2/2009), по поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно со надлежноста на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат членовите на Судскиот совет на Република Македонија во соработка со државните советници во Советот.

За поефикасно, квалитетно и ажурно следење на работата на судовите, согласно со член 12 од Деловникот за работа на Судскиот совет изготвен е распоред за работа со кој се утврди кои членови на Советот за кои судови ќе ја следат работата, притоа водејки сметка да не биде распореден член на Советот во судот од кој произлегува.

Новина во постапувањето со преставките и поплаките ,внесена со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, а која придонесува за зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на Советот е член 3 став 2 и 3 од измените на законот во кој се предвидува дека Советот најмалку еднаш месечно расправа поединачно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите како и за одолжување на судските постапки, со што согласно законот овие седници се јавни.

Првата седница на која јавно се разгледуваа претставките е одржана на 24.1.2011 година на која се разгледани 181 претставка поднесени во Декември 2010 година. Во 2011 година одржани се 10 седници за расправа по претставки.

Поради сериозноста на претставките членот на Судскиот совет определен за координатор за следење на работата на соодветниот суд доколку оцени дека наводите во претставките поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судијата по конкретен предмет на соодветниот суд укажуваат на незаконитост во работењето на судијата, врши увид во предметот и по потреба се остваруваат работни средби во судот.

Претставките најчесто се повод од страна на членовите да се изврши увид во работата на судиите, со цел да се приберат податоци релевантни за оценка на стручноста и совесноста во постапувањето на судиите. Ова значи дека врз основа на наводите во претставките, од страна на Судскиот совет може да се иницира постапка за утврдување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција на судиите.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2011 година Судскиот совет ја продолжи успешната соработка со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока се продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, Анти-корупциска комисија и други институции  во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерство за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Не помалку значајна е и соработката со Министерство за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба, домашни и меѓународни организации и сродни инстируции, донатори (УСАИД, Европската комисија, Светска банка, итн), во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Судскиот совет.

Особено треба да се нагласи соработката на Судскиот совет на Република Македонија со Академијата на судии и јавни обвинители, како и со Советот за јавни обвинители. Соработката со овие две институции произлегува покрај од законските надлежности и од приоритетите утврдени во Акцискиот план што Владата на Република Македонија го донесе по повод спроведување на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година. Оттука, Судскиот совет на Република Македонија во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, почна активности во насока на подготовка на Стратешки план за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за периодот од 2011 до 2013 година и нивно пополнување. Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судиите е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација преку поврзување на базата на податоци за судиите од двете институции како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Во делот на остварувањето на соработката и односите со судовите, која произлегува пред се од надлежностите на Судскиот совет согласно со законот, од страна на членовите на Судскиот совет како координатори на судовите, и покрај недостатокот на финансиски средства и логистика, беа вложени дополнителни напори за остварување редовни работни посети на судовите, преку кои ги согледуваа состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на своите

надлежности потоа беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Воедно од страна на членовите на Судскиот совет беше констатирана потребата од интензивирање на соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, за одредени состојби во судовите. Целта на овие активности е да се придонесе во зголемувањето на довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт и потврда на деполитизацијата на судството со акцент само кон лица и судии кои поседуваат високо стручни и професионални квалитети согласно со законот.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата на Судскиот совет на РМ продолжува со своите активности со тоа што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции. Преку отворање на интернет страницата на Судскиот совет овозможен е пристап на јавноста и медиумите во функционирањето на Судскиот совет.

Судскиот совет на Република Македонија обезбедува редовно и транспарентно објавување информации кои се однесуваат на неговите активности преку интернет страницата http://www.ssrm.mk. Најчесто се објавуваат и ажурираат информации за денот и часот на седниците на Советот со Предлог - дневниот ред од седниците, соодветни соопштенија по повод донесените одлуки од страна на Судскиот совет во однос на извршените избори и разрешувања на судиите, како и објавување на правосилните одлуки донесени од страна на Советот за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција. Исто така се објавуваат и останати информации за активностите на Советот во однос на редовното работење и други прашања од интерес за судството, а се со цел за зголемување угледот и достоинството на судската функција и зајакнување на довербата на граѓаните во судството. Исто така претседателот на Судскиот совет преку прес конфренции и соопштенија за медиумите редовно после секоја седница на Советот, а и повремено по потреба, информира за одлуките донесени од страна на Судскиот совет, ги промовира резултатите, доставува информации за новите законски решенија, дава соопштенија за работата на судството и преземените реформски активности.

Една од заложбите на Судскиот совет е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Исто така една од заложбите е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи на Судскиот совет во јавноста.

## ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Соглано со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, годишниот извештај содржи и оцени за работата на судиите во Република Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството.

Судскиот совет и во текот на 2011 година продолжи со активностите во делот на следењето и оценувањето на работата на судиите согласно со Законот за изменување и дополнување на законот за Судскиот совет на Република Македонија. При тоа беа преземени бројни активности за унификација на статистичките извештаи за работата на судовите, тримесечни и годишни и примена на индикатори на успешност при оценување на работата на судовите преку изготвување на Образец со индикатори за квартално и годишно известување за работата на судовите. Исто така Советот го утврди ориентациониот број на предмети што треба да го реши судијата месечно, како и пропиша методологија за утврдување на сложеноста на материјата во која спаѓа предметот што треба да го реши судијата месечно според ориентационата норма во сите судови во РМ.

Во оваа насока во Судскиот совет паралелно со судовите се работеше на изработка на новото софтверско решение за водење регистар за судии и судии поротници, како и софтверско решение за електроснко водење на предметите и преставките во Судскиот совет, со можност за негова надградба на постоечкиот ACCMIS, кое ќе генерира статистички податоци и извештаи за следење и оценување на работата на судиите и судовите. Се работи и на поврзување на комјутерски систем на Судскиот совет со ACCMIS од каде ќе се влечат квантитативни и квалитативни податоци за работата на судиите и претседателите на судовите .

Судскиот совет, согласно со член 31 алинеја 5 и 13 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Имено, во согласност со наведената законска одредба, Судскиот совет на Република Македонија изготви извештај за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови во Република Македонија и тоа за прво, второ, трето и четврто тромесечје од 2011 година, како и извешти за цела 2011 година.

**Врховниот суд на РМ** во текот на 2011 година постапувал по вкупно 8.318 предмети од сите видови од својата надлежност, од нив стари преземени предмети од претходната година се 2.409 предмети, а новопримени се 5.909 предмети. Во текот на 2011 година вкупно се решени 4.311 предмет, а нерешени останале 4007 предмети од сите основи. Во 2011 година заостатокот од 2010 година е зголемен за 1.598 предмети што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

**Во Вишиот управен суд** во текот на 2011 година, оформени се 55 нови предмети, со оглед на тоа дека судот започна со работа во јуни 2011 година нема претходно нерешени предмети, од кои 50 се решени, а останале нерешени 5 предмети на крајот од 2011 година.

**Во Управниот суд** во текот на 2011 година, оформени се 11.867 нови предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 13.866-те нерешени предмети од минатата извештајна година, вкупно во работа во судот имало 25.733 предмет, од кои 9.746 се решени, а останале нерешени 15.987 предмети. Во однос на претходната година бројот на нерешени предмети е зголемен за 2.121 предмети што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

## Апелационо подрачје Скопје

**Во Апелациониот суд Скопје** во 2011 година, од сите видови предмети во судот вкупно во работа имало 21.271 предмети, од кои 3.370 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 17.901 предмет се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 16.932 предмети, а останале нерешени 4.339 предмети, што е за 969 предмети повеќе во однос на нерешените од предходната година, што значи дека **не е совладан** годишниот прилив на предмети во судот.

**Во Основниот суд Скопје I Скопје** во извештајната 2011 година судот во работа имал вкупно 123.549 предмети, од кои 48.740 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 74.809 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 69.788 предмети, а останале нерешени 53.761 предмети. Во 2011 година **не е совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е зголемен за 5.021 предмети.

**Во Основниот суд Скопје 2 Скопје** во извештајната 2011 година судот во работа имал вкупно 452.002 предмети, од кои 348.634 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 103.368 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 364.547 предмети, а останале нерешени 87.455 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 261.179 предмети.

**Во Основниот суд Велес** во 2011 година, имало вкупно 31.665 предмети, од кои 14.814 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 16.851 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 27.326 предмети, а останале нерешени 4.339 предмет. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 10.475 предмети.

**Основниот суд Куманово** во извештајната 2011 година судот во работа имал вкупно 64.586 предмети, од кои 36.140 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 28.446 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 40.569 предмети, а останале нерешени 24.017 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 12.123 предмети.

**Во Основниот суд Кавадарци** во 2011 година, во работа имал вкупно 13.982 предмети, од кои 2.897 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 11.085 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 11.529 предмети, а останале нерешени 2.453 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 444 предмети.

**Основниот суд Неготино** во 2011 година во работа имал вкупно 18.229 предмети, од кои 11.840 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 6.389 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 14.454 предмети, а останале нерешени 3.775 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 8.065 предмети.

**Во Основниот суд Крива Паланка** во текот на 2011 година судот имал во работа вкупно 5.242 предмети, од кои 783 предмети се пренесени од претходната година, а 4.459 се новопримени предмети во текот на годината. Од вкупно 5.242 предмети од сите видови, колку што биле во работа во текот на 2011 година, по сите основи се решени 4.501 предмети, а останале нерешени 741 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 42 предмети.

**Основниот суд Кратово** во извештајната 2011 година во работа имал вкупно 2.001 предмет, од кои 436 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 1.565 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 1.833 предмети, а останале нерешени 168 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 268 предмети.

**Во Основниот суд Гевгелија** во 2011 година во работа имало вкупно 15.244 предмети, од кои 1.624 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 13.620 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 14.125 предмет, а останале нерешени 1.119 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 505 предмети.

## Апелационо подрачје Битола

Во **Апелациониот суд Битола** на почетокот на 2011 година, пренесени се вкупно по сите видови од 2010 година 2.189 предмети. Во 2011 година по сите видови на предмети новопримени се 9.128 предмети или вкупно во работа имало 11.317 предмет. Во 2011 година вкупно по сите видови решени се 9.779 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 1.538 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 651 предмети.

Во **Основен суд Битола** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 23.329 предмети, ново примени биле 21.595 предмети или вкупно во работа 44.924 предмети од кои 32.048 се решени, а останале нерешени 12.876 предмети. Во 2011 година **совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 10.453 предметите.

Во **Основен суд Прилеп** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 34.466 предмети, новопримени биле 25.580 предмети или вкупно во работа 60.046 предмети од кои 29.241 се решени, а останале нерешени 30.805 предмет. Во 2011 година **совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 3.661 предметите.

Во **Основен суд Охрид** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 14.786 предмети, новопримени биле 17.190 предмети или вкупно во работа 31.976 предмети од кои 18.657 се решени, а останале нерешени 13.319 предмети. Во 2011 година **совладан** е приливот на новопримени предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 1.467 предметите.

Во **Основен суд Струга** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 8.423 предмети, новопримени биле 14.164 предмети или вкупно во работа 22.587 предмет од кои 14.618 се решени, а останале нерешени 7.969 предмети. Во 2011 година **совладан** е приливот на нови предмети и е намален бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 454 предметите.

Во **Основен суд Крушево** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 2.948 предмети, новопримени биле 2.425 предмети или вкупно во работа 5.373 предмети од кои 3.634 се решени, а останале нерешени 1.739 предмет. Во 2011 година **совладан** е приливот на нови предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 1.209 предмети.

Во **Основен суд Ресен** во 2011 година како нерешени од 2010 година пренесени се 834 предмет, новопримени биле 2.470 предмети или вкупно во работа 3.304 предмети од кои 2.604 се решени, а останале нерешени 700 предмети. Во 2011 година **совладан** е приливот на нови предмети и намален е бројот на остатокот на предмети во споредба со 2010 и тоа за 134 предметите.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелационен суд Гостивар** во текот на извештајниот период во работа имал вкупно 5.981 предмети. Во текот на 2011 година вкупно се примени 4.578 предмети, нерешени предмет од претходната година се 1.403, што значи вкупно во работа имало 5.981 предмети од кои 4.962 предмети се решени, а нерешени останале 1.019 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 384 предмети.

Во 2011 година, во **Основниот суд Гостивар** во работа имало вкупно 59.423 предмети од кои 31.192 предмети се пренесени како нерешени од претходниот извештаен период, а новопримени предмети во текот на 2011 година се 28.231 предмети. Од вкупниот број во работа судот решил 31.835 предмети додека останале нерешени 27.588 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 3.604 предмети.

Во 2011 година, во **Основниот суд Тетово** во работа имало вкупно 76.189 предмети од кои 35.248 предмети се пренесени како нерешени од претходната 2010 година и 40.941 предмети се новопримени, од кои во извештајниот период решени се

67.304 предмети, а останале нерешени 8.885 предмети. Во текот на извештајниот период **совладан** е приливот на новопримените предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 26.363 предмети.

Во 2011 година **Основниот суд Кичево** на работа имал вкупно 12.453 предмети од кои како нерешени од претходниот извештаен период пренесени се 2.548 предмети додека новопримени се 9.905 предмети, од кои во текот на извештајниот период вкупно се решени 11.335 предмети, додека останале нерешени 1.118 предмети. Во 2011 година **совладан** е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 1.430 предмети.

Во текот на 2011 година **Основниот суд Дебар** имал вкупно во работа 6.131 предмети, и тоа пренесени како нерешени од претходната 2010 година 1.771 предмети како и новопримени 4.360 предмети од кои решени се 5.307 предмети, а останале нерешени 824 предмети. Во 2011 година е **совладан** годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2010 година е намален за 947 предмети.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелациониот суд Штип** во извештајниот период вкупно предмети во работа имал 7.324, од кои новопримени предмети се 6.766 предмети, а како нерешени од претходната година се 558 предмети. Од вкупниот број предмети во работа во текот на 2010 година се решени 6.965 предмети, а нерешени останале 359 предмети, со што е **совладан** приливот на предмети и е намален за 199 предмети во однос на заостатокот од 2010 година.

**Во Основниот суд Штип** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 7.390 предмети. Во 2011 година примени се 17.770 предмети и вкупно во работа имало 25.160 предмети. Во 2011 година решени се 19.702 предмети, а нерешени останале 5.458 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 1.932 предметишто значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Берово** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 931 предмети. Во 2011 година примени се 2.925 предмети и вкупно во работа имало 3.856 предмети. Во 2011 година решени се 3.543 предмети, а нерешени останале 313 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 618 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Виница**, на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 424 предмети. Во 2011 година примени се 3.628 предмети и вкупно во работа имало 4.052 предмети. Во 2011 година решени се 3.734 предмети, а нерешени останале 318 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 106 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Делчево** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 1.025 предмети. Во 2011 година примени се 4.932 предмети и вкупно во работа имало 5.957 предмети. Во 2011 година решени се 5.242 предмети, а нерешени останале 715 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 310 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд во Струмица** на почетокот од 2011 година биле евидентирани како нерешени вкупно 7.948 предмети. Во текот на 2011 година се новопримени 23.890 предмети, односно вкупно во работа имало 31.838 предмети. Решени се 24.876 предмети, а останале нерешени 6.962 предмет. Во однос на претходната 2010 година, заостатокот е намален за 986 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Кочани** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 9.225 предмети. Во 2011 година примени се 13.509 предмети и вкупно во работа имало 22.734 предмети. Во 2011 година решени се 21.369 предмети, а нерешени останале 1.365 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 7.860, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Радовиш** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 1.535 предмети. Во 2011 година примени се 8.051 предмети и вкупно во работа имало 9.586 предмети. Во 2011 година решени се 8.908 предмети, а нерешени останале 678 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 857 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

**Во Основниот суд Свети Николе** на почетокот на 2011 година нерешени од 2010 година имало 1.433 предмети. Во 2011 година примени се 5.307 предмети и вкупно во работа имало 6.740 предмети. Во 2011 година решени се 5.654 предмети, а нерешени останале 1.086 предмети. Во однос на претходната 2010 година заостатокот е намален за 347 предмети, што значи дека **е совладан** годишниот прилив на предмети.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 2409 | 5909 | 8318 | 4311 | 4007 | -1598 |
| 2 | Виш управен суд | 0 | 55 | 55 | 50 | 5 | -5 |
| 3 | Управен суд | 13866 | 11867 | 25733 | 9746 | 15987 | -2121 |
| | Апелациони судови | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 2189 | 9128 | 11317 | 9779 | 1538 | 651 |
| 4 | АС Гостивар | 1403 | 4578 | 5981 | 4962 | 1019 | 384 |
| 5 | АС Скопје | 3370 | 17901 | 21271 | 16932 | 4339 | -969 |
| 6 | АС Штип | 558 | 6766 | 7324 | 6965 | 359 | 199 |
| | Вкупно: | 7520 | 40098 | 47618 | 40348 | 7270 | 250 |
| | АС БИТОЛА - Основни судови | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 23329 | 21595 | 44924 | 32048 | 12876 | 10453 |
| 2 | ОС Крушево | 2948 | 2425 | 5373 | 3634 | 1739 | 1209 |
| 3 | ОС Охрид | 14786 | 17190 | 31976 | 18657 | 13319 | 1467 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | ОС Прилеп | 34466 | 25580 | 60046 | 29241 | 30805 | 3661 |
| 5 | ОС Ресен | 834 | 2470 | 3304 | 2604 | 700 | 134 |
| 6 | ОС Струга | 8423 | 14164 | 22587 | 14618 | 7969 | 454 |
| | **Вкупно:** | **84786** | **83424** | **168210** | **100802** | **67408** | **17378** |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 31192 | 28231 | 59423 | 31835 | 27588 | 3604 |
| 2 | ОС Дебар | 1771 | 4360 | 6131 | 5307 | 824 | 947 |
| 3 | ОС Кичево | 2548 | 9905 | 12453 | 11335 | 1118 | 1430 |
| 4 | ОС Тетово | 35248 | 40941 | 76189 | 67304 | 8885 | 26363 |
| | **Вкупно:** | **70759** | **83437** | **154196** | **115781** | **38415** | **32344** |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 14814 | 16851 | 31665 | 27326 | 4339 | 10475 |
| 2 | ОС Гевгелија | 1624 | 13620 | 15244 | 14125 | 1119 | 505 |
| 3 | ОС Кавадарци | 2897 | 11085 | 13982 | 11529 | 2453 | 444 |
| 4 | ОС Кратово | 436 | 1565 | 2001 | 1833 | 168 | 268 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 783 | 4459 | 5242 | 4501 | 741 | 42 |
| 6 | ОС Куманово | 36140 | 28446 | 64586 | 40569 | 24017 | 12123 |
| 7 | ОС Неготино | 11840 | 6389 | 18229 | 14454 | 3775 | 8065 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 48740 | 74809 | 123549 | 69788 | 53761 | -5021 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 348634 | 103368 | 452002 | 364547 | 87455 | 261179 |
| | **Вкупно:** | **465908** | **260592** | **726500** | **548672** | **177828** | **288080** |
| | **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 931 | 2925 | 3856 | 3543 | 313 | 618 |
| 2 | ОС Виница | 424 | 3628 | 4052 | 3734 | 318 | 106 |
| 3 | ОС Делчево | 1025 | 4932 | 5957 | 5242 | 715 | 310 |
| 4 | ОС Кочани | 9225 | 13509 | 22734 | 21369 | 1365 | 7860 |
| 5 | ОС Радовиш | 1535 | 8051 | 9586 | 8908 | 678 | 857 |
| 6 | ОС Св. Николе | 1433 | 5307 | 6740 | 5654 | 1086 | 347 |
| 7 | ОС Струмица | 7948 | 23890 | 31838 | 24876 | 6962 | 986 |
| 8 | ОС Штип | 7390 | 17770 | 25160 | 19702 | 5458 | 1932 |
| | **Вкупно:** | **29911** | **80012** | **109923** | **93028** | **16895** | **13016** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **675159** | **565394** | **1240553** | **912738** | **327815** | **347344** |

Од приложените податоци, несомнено може да се констатира дека судовите во Република Македонија во 2011 година го имаат совладано приливот на нови предемти за 347344 предмети а воедно намален е заостатокот на нерешени предмети. Овој позитивен ефект во судството во РМ е резултат на зголемената ангажираност на судиите и целокупниот судски кадар, подобрените услови во судовите, поголемата примена на информатичката технологија, новите законски решенија во делот на процесното и материјалното право воведени со новиот ЗПП, кои предвидуваат скратување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на судовите, а сето ова во правец на реформски процеси во судството. За ваквата состојба свој придонес има и Судскиот совет со новата улога и надлежности што ги доби со измената на процесните закони, особено во делот на методологијата за следење и оценка на работата на судиите и судовите, на кој начин се придонесува за нивен поголем ангажман, а со тоа и ажурност во работењето.

Судскиот совет на РМ во рамките на својата надлежност утврдена со закон ја следи и ја оценува работата на судиите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврденени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10), без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10), се пропиша постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Имено со законот прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Во правец на спроведување на постапката за оценување на судиите во Република Македонија, Судскиот совет на своја седница го определи ориентациониот број на минимум предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните, апелационите, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија за 2011 година,како и донесе Образец за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, заедно со Упатство за негово пополнување, согласно кое се спроведе оценување на работата на судиите, со што се имплементираат новите одредби од Законот за измени и дополнување на Законот за судскиот совет. Во Образецот се содржани податоците и информациите за работата на судијата и претседателот на судот кој се пополнува еднаш месечно по однос на квантитативните и квалитативните критериуми за работењето на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршење на функицијата ,а утврдени со овој закон.

Постапката за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2011 година Судскиот совет на Република Македонија ја започна со донесување

одлука на седницата одржана на 16.1.2012 година со која се формираа комисии од редот на членовите на Советот, за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2011 година за четирите апелациони подрачја, вклучувајќи го и Управниот и Врховниот суд на Република Македонија. Од страна на формираните комисии, согласно со критериумите и мерилата утврдени со законот за оценка на работата на судиите, беа изготвени предлози за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите. Во предлозите беа содржани податоци и информации за квалитативните, квантитативните критериуми за работата на судијата и претседателот на судот, како и дополнителни посебни критериуми во вршењето на судиската функција согласно со законот, имајќи ги предвид и податоците од мислењата добиени од страна на комисиите формирани во секој суд поодделно согласно 126 и член 127 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 150/10).

Согласно горенаведеното на 126-та седница на Судскиот совет на РМ одржана на 27.3.2011 година, членовите на Советот го започнаа годишното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во Република Македонија за 2011 година. Оценувањето се вршеше по азбучен ред по апелационите подрачја. Судскиот совет одлуките за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите ги носеше на неколку седници на Советот, одлучувајќи по претходно дадениот предлог од тричлената комисија формирана од членови на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот согласно со одредбите од член 98 до 129 Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија " број 150/10).

Како резултат на спроведеното оценување, од страна на Судскиот совет на РМ се донесени одлуки за оценка на работата на 612 од вкупниот број судии во Република Македонија за 2011 година, со следните резултати:

**Во Апелациониот суд Битола и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Битола** оценети се вкупно 115 судии со следните оценки: во Апелациониот суд Битола оценети се вкупно 22 судии и сите се оценети со оценки „многу добар"; во Основниот суд Битола оценети се вкупно 25 судии од кои 22 со оценка „многу добар" и 3 со оценка „добар"; во Основниот суд Крушево оценети се вкупно 3 судии, 1 со оценка "многу добар" и 2 со оценка „добар"; во Основниот суд Охрид оценети се вкупно 20 судии од кои 14 со оценка „многу добар" и 6 со оценка „добар"; во Основниот суд Прилеп од вкупно 23 оценети судии, 21 се со оценка „многу добар" и 2 со оценка „добар"; во Основниот суд Ресен оценети се 5 судии и тоа 2 со оценка „добар", 2 со оценка „задоволителен" и 1 судија е оценет со оценка „незадоволителен" и во Основниот суд Струга од вкупно 17 оценети судии, 5 се со оценка „многу добар", 10 со оценка „добар" и 2 со оценка „задоволителен".

**Во Апелациониот суд Гостивар и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар** се оценети вкупно 79 судии и тоа во Апелациониот суд Гостивар 13 судии сите со оценка „многу добар"; Основниот суд Гостивар 21 судии од кои 16 со оценка „многу добар" и 5 со оценка „добар"; Основниот суд Дебар 2 судии со оценка „многу добар" и 4 судии со оценка „задоволителен"; Основниот суд Кичево 5 судии со оценка „многу добар" и 8 со оценка „добар" и Основен суд Тетово 24 судии со оценка „многу добар" и 2 судија со оценка „добар".

**Во Апелациониот суд Скопје и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Скопје** оценети се вкупно 283 судија со следните резултати: во Апелациониот суд Скопје од вкупно оценети судии 45 се со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; во Основниот суд Скопје 1 Скопје од 61 оценети судии, 49 се со оценка „многу добар“, 9 со оценка „добар“ и 3 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Скопје 2 Скопје оценети се вкупно 81 судии од нив 80 со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; во Основниот суд Велес 19 судии се со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“; во Основниот суд Гевгелија 4 судии со оценка „многу добар“ и 9 судии со оценка „добар“; Основниот суд Кавадарци 9 судии се оценети со оценка „многу добар“, 4 со оценка „добар“; во Основниот суд Кратово 2 судии се оценети со оценка „добар“ и 2 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Крива Паланка 5 судии се оценети со оценка „многу добар“, 1 судија со оценка „добар“; во Основниот суд Куманово 15 судии се оценети со оценка „многу добар“, 15 судии со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“, 2 со оценка „незадоволителен“; во Основниот суд Неготино 5 судии со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“.

**Во Апелациониот суд Штип и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Штип** оценети се вкупно 103 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Штип оценети се вкупно 16 судии сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Берово 1 судија е оценет со оценка „многу добар“ и 5 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Виница 2 судии со оценка „многу добар“, 1 со оценка „добар“; во Основниот суд Делчево 3 судии со оценка „многу добар“, 2 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Кочани 10 судии со оценка „многу добар“ и 4 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Радовиш 3 судии со оценка „многу добар“ и 7 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Свети Николе 4 судии со оценка „многу добар“; во Основниот суд Струмица од 24 оценети судии 18 се со оценка „многу добар“ и 6 со оценка „добар“; и во Основниот суд Штип оценети се вкупно 21 судија од кои 11 со оценка „многу добар“, 9 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“.

Исто така, од страна на Судскиот совет на РМ беше спроведено и оценување на работата на судиите на Врховниот суд на Република Македонија, каде беа оценети вкупно 13 судии, од кои 10 со оценка „многу добар„ и 3 со оценка „добар“, како и во Управниот суд Скопје во кој од вкупно 19 оценети судии сите се со оценка „многу добар“.

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на судиите во РМ за 2011 година произлегува дека вкупно се оценети 612 судии, од нив 473 се оценети со оценка „многу добар“ или 77,29%, 121 со оценка „добар“ или 19,77%, 15 се оценети со оценка „задоволителен“ или 2,45% и 3 се оценети со оценка „незадоволителен“, односно 0,49%. Од оваа произлегува дека 99,51% од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно квантитативните и квалитативните критериуми за работењето и останатите мерила утврдени со Закон.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

| рб | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволи телен | % | Незадоволи телен | % | Вкупно оценети | Вкупно места по систематизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 10 | 76,92 | 3 | 23,08 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 25 |
| 2 | Управен суд | 19 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 19 | 33 |
| | **Апелациони судови** | | | | | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 22 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 22 | 27 |
| 4 | АС Гостивар | 13 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 15 |
| 5 | АС Скопје | 45 | 97,83 | 1 | 2,17 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 46 | 52 |
| 6 | АС Штип | 16 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 19 |
| | Вкупно: | 96 | 98,97 | 1 | 1,03 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 97 | 113 |
| | **Основни судови Скопје I и II** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Скопје I Скопје | 49 | 80,33 | 9 | 14,75 | 3 | 4,92 | 0 | 0,00 | 61 | 73 |
| 2 | ОС Скопје II Скопје | 80 | 98,77 | 1 | 1,23 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 81 | 83 |
| | Вкупно: | 129 | 90,85 | 10 | 7,04 | 3 | 2,11 | 0 | 0,00 | 142 | 156 |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 22 | 88,00 | 3 | 12,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 25 | 28 |
| 2 | ОС Крушево | 1 | 33,33 | 2 | 66,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 3 | ОС Охрид | 14 | 70,00 | 6 | 30,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 20 | 20 |
| 4 | ОС Прилеп | 21 | 91,30 | 2 | 8,70 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 23 | 24 |
| 5 | ОС Ресен | 0 | 0,00 | 2 | 40,00 | 2 | 40,00 | 1 | 20,00 | 5 | 5 |
| 6 | ОС Струга | 5 | 29,41 | 10 | 58,82 | 2 | 11,76 | 0 | 0,00 | 17 | 17 |
| | Вкупно: | 63 | 67,74 | 25 | 26,88 | 4 | 4,30 | 1 | 1,08 | 93 | 99 |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 16 | 76,19 | 5 | 23,81 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 21 | 22 |
| 2 | ОС Дебар | 2 | 33,33 | 0 | 0,00 | 4 | 66,67 | 0 | 0,00 | 6 | 7 |
| 3 | ОС Кичево | 5 | 38,46 | 8 | 61,54 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 16 |
| 4 | ОС Тетово | 24 | 92,31 | 2 | 7,69 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 26 | 29 |
| | Вкупно: | 47 | 71,21 | 15 | 22,73 | 4 | 6,06 | 0 | 0,00 | 66 | 74 |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОС Велес | 19 | 95,00 | 1 | 5,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 20 | 22 |
| 2 | ОС Гевгелија | 4 | 30,77 | 9 | 69,23 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 18 |
| 3 | ОС Кавадарци | 9 | 69,23 | 4 | 30,77 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 18 |
| 4 | ОС Кратово | 0 | 0,00 | 2 | 50,00 | 2 | 50,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 5 | 83,33 | 1 | 16,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 9 |
| 6 | ОС Куманово | 15 | 45,45 | 15 | 45,45 | 1 | 3,03 | 2 | 6,06 | 33 | 37 |
| 7 | ОС Неготино | 5 | 83,33 | 1 | 16,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 7 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 49 | 80,33 | 9 | 14,75 | 3 | 4,92 | 0 | 0,00 | 61 | 73 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 80 | 98,77 | 1 | 1,23 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 81 | 83 |
| | Вкупно: | 186 | 78,48 | 43 | 18,14 | 6 | 2,53 | 2 | 0,84 | 237 | 272 |
| | АС ШТИП - Основни судови | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 1 | 16,67 | 5 | 83,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 6 |
| 2 | ОС Виница | 2 | 66,67 | 1 | 33,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 3 | ОС Делчево | 3 | 60,00 | 2 | 40,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 4 | ОС Кочани | 10 | 71,43 | 4 | 28,57 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14 | 16 |
| 5 | ОС Радовиш | 3 | 30,00 | 7 | 70,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 10 | 11 |
| 6 | ОС Св. Николе | 4 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 6 |
| 7 | ОС Струмица | 18 | 75,00 | 6 | 25,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 24 | 26 |
| 8 | ОС Штип | 11 | 52,38 | 9 | 42,86 | 1 | 4,76 | 0 | 0,00 | 21 | 25 |
| | Вкупно: | 52 | 59,77 | 34 | 39,08 | 1 | 1,15 | 0 | 0,00 | 87 | 101 |

**Вкупно за судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 473 | 77,29 | 121 | 19,77 | 15 | 2,45 | 3 | 0,49 | 612 | 717 |

Во делот на остварување на самостојноста и независноста на судството основни приоритети на Судскиот совет се и заштитата на човековите права и основните слободи кои се темелни вредности на уставниот поредок и нивното остварување и подигање на повисоко ниво се поврзани со стратешката определба на Република Македонија за интеграција во евроатланските структури.

Во текот на извештајниот период во целост се остварени приоритетите поставени во Програмата за работа на Советот за 2011 година и Стратешкиот план на Судскиот совет за периодот 2010-2012 година донесени и усвоени врз основа на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и препораките во Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување на владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем, во текот на извештајната година претседателот и членовите на Судскиот совет оствarија голем број средби со претставници на меѓународната заедница. Воедно се залагаа за развој на меѓународната и регионалната соработка преку остварување на неколку студиски посети преку кои се воспостави директна соработка и компаративни согледувања со претставниците на судските совети во други држави по однос на размена на искуства на теми за изборот и унапредувањето на судиите, постапката и начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите, критериумите и методологијата на оценување, дисциплинската одговорност на судиите, зајакнувањето на капацитетите на судската администрација, финансирањето и менаџирањето во судството и многу други прашања од интерес за судството.

Судскиот совет на Република Македонија преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите се грижи за обезбедување ефикасно, независно и самостојно судство, како услов и основа за остварување на темелните вредности на уставниот поредок и на меѓународното право, а пред се во делот на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, гарантирање на независноста на судството, правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците во судството, гарантирање еднаков пристап до правдата, брзи и ефикасни постапки, заштита од злоупотреби и несовесно постапување или корупција, почитување на правилата на професионалната етика, унапредување на работата на судовите и судската практика, зајакнување на финансиската независност на судската власт, а сето ова во насока на остварување на европските стандарди по однос надлежноста, самостојноста и независноста на судската власт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Александра Зафироска**